## ЗА ВЕЛЕС

# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сѐ ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сѐ што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани велешани, почитувани сограѓани,

Пред се, сакам да Ви се заблагодарам Вам, на сите велешани кои секојдневно ми давате поддршка, но и ме охрабривте да се кандидирам за градоначалник на Велес. Како ваш сограѓанин, кој се родил, израснал и формирал семејство во Велес, каде ми се сите пријатели, другари и роднини се обврзувам дека ќе ја вложам целата своја енергија, целото мое знаење и конекции за просперитетен Велес.

Велес е мојот град! Велес е градот кој го сакам! Велес ќе биде поубаво место за живеење!

Да се биде кандидат за градоначалник е голема привилегија, голем предизвик, а пред се и голема обврска. Обврска кон минатото, кон Гемиџиите, кон Рацин, Жинзифов... Но, уште поголема обврска кон сегашноста. Јас сум спремен за сегашноста, спремен сум да ги менувам работите за да ја вратиме насмевката на велешани! Тие тоа го заслужуваат! Сега и веднаш!

Велешани заслужуваат просперитетен и модерен град. Во програмата која се наоѓа пред Вас, нудам многу проекти, многу решенија на проблемите кои во изминатиот период заедно со граѓаните ги дискутиравме. Со мојот тим ги обиколивме сите улици,влеговме во

секој дом, ги забележавме сите проблеми кои ги мачат и им создаваат потешкотии во секојдневното живеење на нашите сограѓани. Не ветувам ништо што не можам да го реализирам. А ќе реализирам многу повеќе од ветеното. Над 100-те реализирани проекти во Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, кој го раководев, се доказ дека Велес ќе го добие ветеното и многу повеќе од тоа. Со домаќинско работење, силна поддршка и соработка со домашните и меѓународните институции, ќе донесеме проекти од суштинско значење за велешани.

Свесен сум дека нема да биде лесно! Велес во последните 4 години е оставен на работ на егзистенцијата, во тешка социјална и економска состојба, инфраструктурно уништен град, од кој секојдневно се иселуваат младите.

Свесен сум за предизвикот, но само со напорна работа, трудољубивост и сплотеност ќе ги оствариме сите цели. Заеднички кон подобар Велес!

Ајде да мислиме и да работиме заедно, ајде да го вратиме Велес на картата на силни градови! Ајде да го вратиме Велес на пиедесталот, на град со најмногу реализирани капитални проекти, најмногу инвестиции, град со најголема поддршка во спротот, културата и младите.

Бидете и вие дел од новата иднина на Велес. Бидете дел од иднината во која ќе креираме поубав и помодерен Велес!

Велес за сите граѓани, Велес за граѓани со насмевка на лицата!
Велес со голем број на ПРОЕКТИ! Велес со ПРОМЕНИ!
Велес со најголема ПОБЕДА во Македонија!

Со почит,
Марко Колев

**ВМРО ДПМНЕ** е партија од и на граѓаните на Република Македонија.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложува за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ВЕЛЕС

## ИЗРАБОТКА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАД ВЕЛЕС

**Опис:** Најавениот Генерален Урбанистички План (ГУП) за Велес во 2020 година сеуште не е спроведен во целина и е нефункционален.

Со доаѓање на новиот Градоначалник и Совет на Општина Велес, еден од најголемите приоритети ќе биде донесувањето на нов ГУП, кој ќе предвиди нови ДУП-ови, со цел решавање на многубројните проблеми кои ги притискаат велешани. Целите на урбанистичкото планирање се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:

- Интегрален пристап во планирањето;
- Остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес;
- Транспарентност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;
- Инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;
- Хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето и
- Уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** 2021-2023 година.

## РЕГУЛИРАЊЕ НА КЕЈ НА РЕКА „ВАРДАР“

**Опис:** Потребен е нов проект кој ќе ги опфати и левата и десната страна на реката Вардар, проект по сите Европски стандарди. Потребна е целина, за да може да биде финасиран од Европските фондови. Поради должината што ја предвидуваме и комплексноста на проектот, многу е тешко да се финансира во целост, па затоа треба да нуди можност за градење фаза по фаза, се до негово финализирање.

Со овој проект покрај подготовка на техничка документација за регулирање на кејот на реката Вардар, Општина Велес предвидува и изградба на патека за кајакарење со трибини во првата фаза од изградбата на кејот.

Покрај новите зафати, предвидена е и реконструкција и одржување на постоечкиот кеј, со цел велешани да добијат јавни површини со современ лик и функционалност.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, домашни и меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2023 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МОСТ КАЈ БАШИНО СЕЛО

**Опис:** Регионалниот пат Р1312 и ги поврзува Автопатот А1 регионален пат Р1102 со Башино село и понатаму преку мостот на река Вардар со градот Велес. Од сообраќаен аспект, овој пат е наменет за двосмерен сообраќај со две сообраќајни ленти и по него се движи мешовит сообраќај. Врз основа на деталниот преглед на конструкцијата на мостот, извршените испитувања на материјалните и јакостните карактеристики на бетонот и арматурата на мостот може да се констатира дека дел од конструктивните елементи на мостот се во лоша состојба, постојат големи и сериозни оштетувања, како на горниот така и на долниот строј. На горниот строј, односно на коловозот се забележуваат попречни пукнатини во асфалтот приближно на секои 10 м (над средните столбови) по должина на мостот. Исто така тротоарите и оградата се со големи оштетувања и неправилна форма. Постојат сериозни оштетувања на дел од главните носачи од долната страна и корозија на арматурата.

Поради сите погоренаведени работи, стабилноста на мостовската конструкција се доведува во прашање и итно е потребно преземање сериозни чекори за санација на елементите на мостот и негово зајакнување. Овој мост е од суштинско значање за Велес и единствено поврзување на товарниот сообраќај со идустриските зони и врска со Р1303.

**Извори на финансирање:** Државни институции и Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** 2021-2023 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТППЕ ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ ВЕЛЕС (РЕГИОНАЛНА ТППЕ)

**Опис:** Сегашната состојба на ТППЕ Велес е очајна. Постојната зграда која е изградена во 1977 година, со површина на грејниот простор од 872м2, со повеќе од 30-на вработени, со стара ПП опрема не дава знаци на сигурност кај велешани во поглед на безбедноста од пожари и други природни непогоди.

Со комплетно уредување на објектот на ТППЕ Велес ќе добиеме нова зграда со современи услови за работа, трајно ќе го решиме најголемиот безбедносен проблем за жителите на Велес, а паралелно со овој проект ќе се ангажираме за набавка на нови ПП возила, кои соодветно ќе одговараат за сообраќајната инфраструктура на градот и ќе можат да бидат лесно достапни и пристапни во секоја улица на Велес.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2023 година.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА КОНТРОЛА НА СОПСТВЕНИШТВО НА КУЧИЊА ВО ВЕЛЕС

**Опис:** Проблемот со системот за контрола на кучиња во Велес е сигурно најболната точка на која ВМРО ДПМНЕ ќе посвети големо внимание. Досегашната практика на локалната власт да издвојува огромни финансиски средства за плаќање на казни за оштета од каснување е резултат на неодговорното и нерационалното решавање на овој проблем. Во следниот период најавуваме следење на состојбата и трендовите со кучињата (и сопственички и бездомни), промоција на одговорно сопственишто на домашните миленици, Промоција, координација и помош при вдомување на миленик.

Предвидуваме буџет за помасовна стерилизација/ кастрација за да се спречи размножувањето на улица, проект за субвенции за стерилизрање / кастрирање на домашни миленици за луѓе кои тоа не можат да си го дозволат, основање на регистар на бездомни и домашни миленици со податоци за чип, пол, ако е женско дали ќе се размножува и контрола во соработка со АХВ- агенција за храна и ветерина.

Промоцијата на вдомување на домашни миленици ќе се врши во соработка со невладините организации, градското прифатилиште и граѓаните.

Секако, ќе ги поддржиме и сите организации кои прибираат, леку-

ваат, вдомуваат и стерилизираат/ кастрираат кучиња на начин кој е најсоодветен за кучињата.

Изградбата на нов регионален стационар за домашни миленици, секако ќе биде еден приоритетите на Општина Велес.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2024.

## РАЗВОЕН ИСТРАЖУВАЧКИ БИЗНИС ЦЕНТАР ЗА МЛАДИ ВО ВЕЛЕС

**Опис:** Создаваме перспективна иднина за младите во Велес преку креирање на развоен истражувачки бизнис центар за млади.

Проектот од страна на Општина Велес ќе се реализира во сопствен објект (поранешна синдикална зграда), од најмалку 1200 м2 и ќе се уреди и опреми со нова опрема и модерен ентериер организирана на повеќе катови со посебна намена и тоа:

- Мултифункционален простор за обуки, конференции, собири и настани за млади, како и лабораторија за учење од иднината, сцена со амфитеатар, мали сали за состаноци;
- Инкубатор за канцеларии на новотворени бизниси;
- Коработен флексибилен простор и простор за релаксација;
- Мултифункционален дом за сите млади луѓе од Велес и околината со цел поврзување на потенцијалот и креативноста на младите луѓе со можностите кои ги нуди новото време;
- Во светот на брзи промени и нови технологии, Бизнис центарот за млади ќе биде центар преку кој ќе се даде шанса за реализација на младите преку достапна “административна – бизнис инфраструктура”, како и неколку програми кои ќе бидат поддржани од општината:
    - Стартап Програма;
    - Програма за инкубација на нови бизниси;
    - Програма за нови вештини;
    - Програма за поддршка на нови работни места;
    - Дигитален облак (digital cloud) во Велес;

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, ЕУ Фондови;

**Рок на реализација**: 2021-2024 година.

## КАТНА ГАРАЖА И ПЛОШТАД ВО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

**Опис:** Локацијата на предвидената подземната катна гаража се наоѓа во центарот на градот. Пристапот кон објектот (влез-излез) се предвидува од постоечката улица „Гоце Делчев" која се поврзува со ул.„Благој Ѓорев" - главната сообраќајна артерија на град Велес, преку која ќе биде опслужувана целата подземна гаражна куќа. Подземната катна гаража ќе биде на 3 нивоа, а бројот на обезбедени паркинг места ќе биде 100 возила. Со тоа би се решиле неколку суштински проблеми, како што се недостаток на паркинг и непрописно паркираните возила во централното градско подрачје. Со реконструкцијата на платото во центарот (горниот дел од постојниот сегашен паркинг) и негово поврзување со завршната плоча на подземната катна гаража ќе се добие една амбиентална целина – Плоштад. Плоштадот ќе биде со приближна површина од 4500 m2..

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА МАМУТЧЕВО СО НОСЕЊЕ НА НОВ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН И ФОРМИРАЊЕ НА НОВА ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА МАМУТЧЕВО 2

**Опис:** Покрај одржувањето и надградувањето на постоечките индустриски зони значаен аспект за развојот на локалната економија е отварањето на нови можности за инвеститорите, кои сакаат да инвестираат во Велес и да отворат нови работни места. Токму затоа предложуваме изградба на нова индустриска зона „Мамутчево 2". Новата индустриска зона ќе се наоѓа веднаш до постоечката и со неа ќе отвориме нови површини, каде што ќе можеме да привлечеме нови инвеститори.

Покрај неопходната проектно техничка документација и урбанистички планови за развој, ќе започнеме и со поставување на неопходната инфраструктура со цел продадените парцели веднаш да бидат продадени и да се започне со градба на нови објекти од витален развој за локалната економија.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, државни институции и ЕУ Фондови и програми;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## ПРЕНАМЕНА НА ПОРАНЕШЕН ХОТЕЛ ВИЛА ЗОРА ВО ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА, СО СТАНБЕНИ ЕДИНИЦИ ЗА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

**Опис:** Проектот нуди можност за згрижување на повеќе ранливи категории, отварање нови работни места од различни профили, како и растеретување на социјалниот систем. Предвидена е реконструкција и пренамена на 2738 м2, во неколку фази. Проектот ќе опфати неколку горчливи проблеми на постарите лица и тоа:

- заеднички живот помеѓу старите лица и младите лица кои би се чувствувале заштитено, згрижено и би можеле да разменуваат искуства;
- Волонтеризам на лица корисници на социјална парична помош;
- Сместување на младите лица без родителска грижа кои би ги користеле апартманите и мензата на интернатски принцип. На тој начин ќе се грижиме за иднината на овие млади лица и ќе им овозможиме услови за подобар и попристоен живот;
- Посебен дел за стари и изнемоштени лица кои имаат ниски приходи, а не се станбено обезбедени. Во просториите ќе бидат згрижени и притоа ќе добиваат храна, лекови и здравствена грижа.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, ЕУ Фондови и програми;

**Рок на реализација:** 2021-2023 година.

## ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА ГРАД ВЕЛЕС

**Опис:** Имајќи го во предвид влијанието и важноста за заштитата на животната средина, како една од најважните и најнеопходни процеси кои директно имаат влијание на самиот квалитет на животот на нашите граѓани, ВМРО ДПМНЕ како одговорна и посветена партија има конкретни стратегии во оваа област, за што сме сведоци со веќе реализираните еколошки проекти, кои беа започнати и реализирани со максимална посветеност во време на претходното управување со државата од наша страна. Потпирајќи се на реални и остварливи проекции, поткрепени со реални извори на финасирање и затворена финансиска конструкција, се обврзуваме да ја продолжиме воспоставената практика, која ќе даде голем придонес во многу инфраструктурни проекти во областа на животната средина, кои ќе бидат важни за локалното население од Велес и ќе донесат голем бенефит во скоро време.

Во тесна координација со претставниците на ЕУ и централната власт ќе го започнеме реализирањето на овој витален проект за градот. Проектот според планирањата би требало да опфати из-

градба на пречистителен станица за отпадни води со капацитет за 53000 жители. Предвидените средства за овој проект би биле од ИПА програма со кофинансирање од националниот буџет.

**Извори на финансирање:** ЕУ Фондови, државни институции и буџет на Општина Велес,

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## НОВО СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ НА ВЛЕЗ ВО НАСЕЛБА КОСТУРНИЦА

**Опис:** Имајќи во предвид дека тоа е влез/излез од градот (Велес Исток), а со самото тоа и фреквенцијата на возила при влез и излез е доста голема, оваа предметната локација е исклучително небезбедна. За голем број на велешани крстосницата на влезот во населбата Костурница претставува и единствен влез/излез кон градот.Со имплементација на проектираното решение, ќе се реши деценискиот проблем кој жителите на нас. Костурница го имаат со приклучокот на крстосницата кон централното градско јадро, а Велес и граѓаните ќе добијат модерен, но пред се безбеден и функционален влез/излез од градот.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, државни институции, ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАРК ОКОЛУ ВЕЛЕС

**Опис:** Велес има голема потреба од велосипедски парк. Моменталната сообраќајна структура бара излез на отворен простор за рекреација на велешани. Подготовката и изградбата на велосипедски и пешачки парк со три влезови и излези на потег Башино село, Чалошево и Отовица и брз влез на велосипедистите во рекреативен центар „Езеро Младост“ ќе се спроведува во две фази и тоа:

- Техничка документација за Велосипедски парк;
- Изградба на Велосипедски парк.

Со овој проект се предвидува велосипедистите да ја избегнат сообраќајнита гужва кон езерото „Младост“. Дополнително со поставување на 10 летниковци и места за одмор, ќе се изгради модерен вело парк во близина на Велес. Континуирано ќе се направи план за пошумување на паркот. Сите патеки ќе бидат од комбиниран карактер, односно дел ќе биде асфалтиран, а дел тампониран.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, државни институции, ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.



# 3. ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ИЗГРАДБАТА НА ОСНОВНАТА ИНФРАСТУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНА УЗУС, РЕЧАНИ, РЕЧАНИ 2, КАРАСЛАРИ И ИНДУСТРИСКА ЗОНА МАМУТЧЕВО

**Опис:** Осовременувањето на индустриските зони на Општина Велес мора повторно да биде приоритет на локалната самоуправа, а градоначалникот да биде носител на промени кон подобро, кој редовно ќе се состанува со постоечките, но и со нови потенцијални инвеститори, а општинската врата ќе ја држи отворена за нив. Нашиот план за наредните четири години опфаќа целосна модернизација и осовременување на постоечките индустриски зони со посебен акцент на индустриската зона „Мамутчево", каде што во соработка со централната власт ќе овозможиме интензивен развој на постоечките инвестиции, преку изградба на неопходната инфраструктура за функционирање на инвестициите кои се наоѓаат во зоните.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, државни институции, ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## ВЛОЖУВАЊЕ ВО ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ ВЕЛЕС

**Опис:** Во овој момент, Општина Велес се соочува со лоша организациска поставеност која резултира со ненавремено реагирање кон промените кои се случуваат секојдневно. Во општината постои недостаток на стручни лица кои имаат искуство со спроведување на европски проекти, а не се води ниту стручна анализа и документација на отворените јавни повици за кои општината има право да аплицира. Во наредните четири години новото раководство на Општина Велес предводено ов ВМРО ДПМНЕ, ќе оформи Сектор за локален економски развој кој ќе се состои од следните одделенија:

- Одделение за подготовка на проекти од домашни и меѓународни програми;

- за потребата на општината и институциите основани од општината;
- Одделение за поддршка на приватниот сектор;
- Одделение за соработка со невладин сектор.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

**Опис:** Секојдневно сме сведоци на континуирано иселување на младите од Велес. Големиот број на проблеми со кои се соочуваат младите претежно невработеноста, им даваат на младите голема несигурност во планирањето на нивниот иден живот. ВМРО ДПМНЕ во Велес ќе донесе стратегија за млади 2021-2025 документ излегувајќи им во пресрет на сите млади во Велес и околината без никаква дискриминација.

По примерот на поголемите градови во Европа, Општина Велес ќе создаде квалитетен документ со кој ќе го зголеми квалитетот на живеење за младите и нивната афирмација, поттикнување на младите да земат учество во улогата на активни граѓани и носители на позитивни промени. Градоначалникот на Општина Велес заедно со Советот на Општина Велес ќе ја донесат оваа програма за млади со што ќе им се ставаат на располагање во повеќе дејности (финансиски совети, проблеми во врска со избор на кариера, здравје, образовно-културни можности и можности за избор на вработување).

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ И КОМИСИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ НА ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Опис:** Општина Велес ќе оформи:

- Совет на потрошувачи каде ќе се дискутираат цените на јавните услуги и нивниот квалитет, вклучувајќи ги и комуналните услуги пред да се формираат било какви предлог цени и тарифници преку Советот на Општината;
- Комисија за односи помеѓу заедниците, со која ќе се подигне соработката со многубројните помали етнички заедници;

- Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените со цел доследно буџетирање и спроведување на активности произлезени од самото тело.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА НА ЕЗЕРО МЛАДОСТ

**Опис:** Постоечката состојба на постоечката пешачка патека околу езерото „Младост“ е добра почетна точка за дефинирање на комплетна слика на еден целосен јавен парк за рекреација на жителите на градот, но и на се поголемиот број на посетители. Потребно е санирање на пешачката патека по должина на целото езеро, нејзина санација на места каде има потреба од тоа, изградба на каналници за вода, чистење на патеката, изградба на дрвени мостови, формирање на кружна патека околу целото езеро и нејзино целосно осветлување.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ИЗЛЕТНИЧКИ МЕСТА, ВИДИКОВЦИ, ВОДОТЕЦИ, ИЗВОРИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

**Опис:** Општина Велес изобилува со интересни туристички локации, кои за жал досегашната власт не успеа да ги обележи и да ги престави на потенцијалните домашни и странски туристи кои транзитно поминуваат или имаат престој на територија на Општина Велес. Локалитетот Пешти, Црн Камен, многубројните манастирски комплекси, цркви и други архитектонски наследства, куќата на Касапови, Кочо Рацин и Васил Главинов, Саат Кулата, Спомен Костурницата и многу други објекти се доволна почетна точка за нивно обележување, поставување на туристички знаци и насочување на потенцијалните туристи за нивна посета.

Со комплетно оформување на туристичка мрежа на патокази ќе им го олесниме пристапот на оние кои се заинтересирани за посета на овие круцијални културно-историски богатства кои Велес ги поседува.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** 2021-2024.

## ИЗГРАДБА НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ НА ЕЗЕРО „МЛАДОСТ“

**Опис:** Езеро „Младост“ има огромен потенцијал за туристичка дејност. Близината на автопатот Е-75, близината на аеродромот, централното место во државата се неколку значајни фактори за ова. За привлекување на транзитни и постојани туристи потребно е отварање на што е можно поголем број на паркинг простор околу езерото. Ќе обезбедиме неколку локации за изградба на паркинг простор, почитувајќи ја локацијата како место каде предност треба да има пешаците, велосипедистите и рекреативците.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2024 година.

## АФИРМАЦИЈА НА СПОРТ НА ВОДА НА ЕЗЕРО „МЛАДОСТ“ ИЗГРАДБА НА МОНТАЖНА ПЛАСТИЧНА ПЛАТФОРМА ЗА ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ ОД ЕЗЕРОТО И СТАНИЦА ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ

**Опис:** Езерото „Младост“ нуди голем потенцијал за равој на голем број спортови на вода. Се поатрактивни спортови се кајакарење, пловење на СУБ даски, едрење и др. Ќе се ангажираме за изградба на пластична платформа која ќе помогне во афирмација на овие спортови, со план за изградба на современ атрактивен зип-лајн, како и набавка и изнајмување на обични и електрични велосипеди.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2024 година.

## ДОУРЕДУВАЊЕ НА СМЕСТУВАЧКИОТ КОМПЛЕКС „ЕЗЕРО МЛАДОСТ“

**Опис:** Доколку сакаме да го афирмираме езеро „Младост“ како туристичка атракција, мораме да предвидиме потенцијални капацитети за нивно сместување. Општина Велес ќе обезбеди неколку плацеви за поставување на кампови, шатори и трејлери, со обезбедување на сите потребни хигиенски услови. Со ова сме убедени дека ќе влеземе во мапата на камперскиот туризам, дејност која има огромен раст во светот.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ХИГИЕНАТА НА ЕЗЕРО „МЛАДОСТ“ ПРЕДУСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

**Опис:** Без континуирана и перфектна хигиена нема можност за развој за езеро „Младост“ како туристичка локација. Затоа ќе се заложиме за формирање на комунален тим за секојдневно одржување на теренот околу езерото, со што ќе обезбедиме чиста животна средина.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025 година.





# 4. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ ССОУ „ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ” И СОУ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ”

**Опис:** Големата потрошувачка на енергија е еквивалентна на поголема емисија на стакленички гасови и зголемено загадување на животната средина.

Преку реконструкцијата на фасадата ќе се добие енергетска ефикасност во трите објекти, а со користењето на природните ресурси се заштитува и животната средина. Трошоците за енергија (загревање, ладење, климатизација) се највисоките ставки во одржувањето на јавните објекти во општините, затоа при реновирање на постоечките објекти од многу големо значење е изборот на градежни материјали и топлинската изолација. Преку имплементацијата на проектот ќе се придонесе во намалување на загубите на топлина во грејна сезона, а преку лето надворешната топлина нема да навлезе во внатрешноста на објект. Бенефитот се манифестира врз сите корисници, на повеќе од 1500 ученици и вработени.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## ПРЕКУ РЕКОНСТРУКЦИЈА ДО ПОДОБАР ИЗГЛЕД НА ООУ “ПАНКО БРАШНАРОВ”

**Опис:** Општина Велес ќе обезбеди просторија наменета за целодневен престој на учениците до IV одделение во која безбедно и соодветно ќе ги поминуваат часовите каде ќе ги завршуваат своите домашни задачи.

Учениците конечно ќе добијат и соодветна спортска сала со реновирање на кровната конструкција, која што нема да ги спречува да ја користат во врнежливите денови. Ќе го уредиме училишниот двор, со што учениците ќе имаат пријатен простор за секојдневни активности.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## НОВ ЛИК НА ООУ “БЛАЖЕ КОНЕСКИ”

**Опис:** Здравјето на децата е нашата најголема грижа и за таа цел ќе вложиме големи средства во подобрување на енергетската ефикасност, со што ќе се подобри наставниот процес во ова училиште. Во најголем дел во училиштето има огромни загуби на топлина, а со тоа и одлив на финансиски средства. Учениците посетуваат настава во недоволно затоплени простории. Нудиме решение на овие проблеми и тоа во период од 2 години со поставување на фасадна изолација. Веднаш ќе пристапиме и кон менување на кровот во ООУ “Блаже Конески”, кој што е во првобитната положба и е не заменет уште од 1982 година од кога е отпочнато училиштето со работа.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2023 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДВОРНАТА ПОВРШИНА НА ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ”

**Опис:** Задниот дел од дворот на училиштето поседува огромна површина која во досегашниот период се покажа дека не е рационално искористена. Од таа причина се планира реорганизирање на овој простор.

Ќе изградиме безбедна лента, каде превозниците и родителите при доаѓање во училиште ќе можат брзо и безбедно да ги оставаат учениците.

Останатиот дел од просторот ќе биде хортикултурно уреден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2023 година.

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ВО ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“– С. ОРИЗАРИ И ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ - ВЕЛЕС И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКА САЛА ВО ООУ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”

**Опис:** Во ООУ „Рајко Жинзифов“ –с.Оризари, наставата ја следат 180 ученици од прво до деветто одделение, кои часовите по физичко и здравствено образование ги одржуваат на импровизирано игралиште во задниот двор на училиштето, а кога временските услови не го дозволуваат тоа часот го поминуваат во нивните училници.

Со сличен проблем се соочуваат и учениците на ООУ „Васил

Главинов” кои имааат сериозна потреба од нова сала. Постоечката сала не ги задоволува основните потреби за реализација на наставните спортски активности.

Основното училиште „Св. Кирил и Методиј“ е најстаро во државата. Денес бројот на ученици во ова училиште е повеќе од 500 и истите имаат сериозни потешкотии при реализација на наставата по физичко образование. Затоа постоечката спортска сала мора да биде реконструирана.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година

## ПРОМЕНА НА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА ВО ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ И ООУ „БЛАЖЕ КОНЕВСКИ“

**Опис:** Планирана е и изработка на проектно техничка документација за промена на електрична инсталација во стариот дел на училишната зграда на ООУ “Васил Главинов”, како и во училишната зграда на ООУ “Блаже Конески”. Моменталната состојба во овие училишта е застрашувачка, инсталациите се стари и преставуваат голема опасност. Предвидено е да се пристапи кон целосна промена на електричната инсталација, за учениците безбедно да ги поминуваат училишните денови.

Проектирање ќе се изврши и за останатите училишни згради, во зависност од приоритетноста на проблемите и обезбедените финансиски средства.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНВЕНТАРОТ ВО УЧИЛИШТАТА

**Опис:** Сите основни училишта се соочуваат со ист проблем – стар инвентар, столчиња и клупи, во дел од нив и повеќе од 60% од овој инвентар е оштетен. Набавката на ваква опрема ќе значи безбедност на учениците, подобар изглед на училниците и удобно следење на наставата.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## ДООПРЕМУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ ИНСТИТУЦИИ КОИ НУДАТ УСЛУГИ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Опис:** Целта на проектот е да се доопремат постоечките институции кои нудат услуги на лица со попреченост, со асистивни, адаптивни и рехабилитациони помагала (интерактивна табла, Х-Бокс, комуникатори, електромоторни транспортери, браеви табли и принтери, одалки, стојалки, електрични колички), кои ќе им овозможат на лицата со попреченост самостојно изведување на активностите во секојдневниот живот кои претходно не можеле или можеле да ги извршуваат со голема потешкотија, како и подигнување на нивото на самодоверба, подобрување на квалитетот на животот, овозможување на социјална инклузија и рамноправно дејствување.

Овие помагала ќе бидат наменети за лица со телесна попреченост, лица со оштетен вид и слух, лица со потешкотии во учењето, како и лица со потешкотии во комуникацијата и однесувањето. Проектот ќе се имплементира во наредните четири години и ќе бидат опфатени сите училишта и центри кои нудат услуги на лица со попреченост во Општина Велес.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ООУ „СТОЈАН БУРЧЕВСКИ БУРИДАН“ С.СУЈАКЛАРИ

**Опис:** Училишната зграда ја посетуваат деца од 1-9 одделение. Училниците се во многу лоша состојба и неопходно е комплетно реновирање. Се предвидува целосна реконструкција на училиштето, со што ќе се овозможи нормално следење на наставата на 20-на ученици од ова населено место. Ќе го уредиме дворот со соодветно теренско игралиште, со што децата од училиштето ќе ги изведуваат активностите по физичко образование на отворен простор.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА И УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР НА ООУ „ЛИРИЈА" - С.БУЗАЛКОВО

**Опис:** Се предвидува изградба на спортска сала и уредување на школскиот двор што ќе овозможи на учениците од ова училиште нормално да ги изведуваат активностите по физичко образование.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, државни институции и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.



# 5. СПОРТ И МЛАДИ

## ИЗГРАДБА НА ТРИ НОВИ СПОРТСКИ РЕКРЕАТИВНИ КОМПЛЕКСИ: ДВОРОВИ-ВАСИЛ ГЛАВИНОВ И НАСЕЛБА РЕЧАНИ

**Опис:** Спортско-рекреативните комплекси ќе претставуваат вистински потенцијал за спортот и рекретивните активности за Велес и за пошироката околина.

- Спортското игралиште во населбата Дворови е изградено пред повеќе години. Истото е на пристапна локација и голема површина за спортување и рекреирање, што го прави мошне атрактивно кај младите луѓе од градот. Од таа причина, планирана е негова комплетна реконструкција со уредување на теренот за мал фудбал, кошарка и ракомет по сите меѓународни стандарди.
- Во дворот на ООУ„Васил Главинов" се наоѓаат повеќе спортски игралишта. Истите се користат, како за потребите на часовите по физичко воспитување, така и за рекреирање и спортување од страна на голем број млади луѓе. Нашите намери се во правец на целосно реконструирање на овие спортски терени, поточно изградба на спортски комплекс, овозможувајќи подобри услови за рекреирање на сите ученици и вљубеници во спортот по сите меѓународни стандарди.
- Во населба Речани пак, со изградбата на нов спортски комплекс сакаме да истакнеме дека спортот и спортската инфраструктура не се привилегија само на централното градско подрачје, туку и во населбите кои во моментов се градат и развиваат, каде младите луѓе слободно ќе можат да рекреираат и спортуваат. Од таа причина, планирана е изградба на нов спортски комплекс со терени за мал фудбал, кошарка, ракомет и спортски реквизити по сите меѓународни стандарди. На сите три спортски комплекси ќе поставиме осветлување за користење во вечерните часеви доопремени со дополнителни спортски реквизити.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024 година.

## ➤ ПОПУЛАРИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МААЛСКИ ТУРНИРИ ВО КОЛЕКТИВНИ СПОРТОВИ

**Опис:** Велес отсекогаш имал традиција на фудбалски турнири. Ќе ги вратиме турнирите во мал фудбал во нас. Тунел, месноста Дворови, во с. Башино село и с. Оризари. Покрај фудбалските, во програмата за наредите 4 години планираме и организирање општински турнири во кошарка во повеќе населени места, а доколку постои интерес ќе се спроведе и аматерска лига на тројки, спорт кој неодамна се официјализира како олимписки и е многу актуелен кај младите.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ➤ ПОДДРШКА НА ЛИГАТА НА СПОРТОВИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

**Опис:** Возобновување на лигата на спортови во основните и средните училишта, кои понатаму ќе прераснат во регионални првенства, државни првенства и Мали олимписки игри, Во соработка со Сојузот на мали спортови, Општина Велес има морална обврска да ги поддржи овие спортски активности, со цел задржување на интересот на младите за масовно спортување.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ➤ НОЌЕН АТЛЕТСКИ МАРАТОН ВО ВЕЛЕС

**Опис:** Возобоновување на ноќните трки низ Велес од 80-те години кога ноќниот маратон имаше масовно учество во повеќе категории (основни и средни училишта, трка на 5км, трка на 10км и полумаратон- главна трка). Со посредство на Атлетска федерација веруваме дека овој спорт ќе го привлечеме како кај најмладите, така и кај сите рекреативци во Велес.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ➤ ПОДДРШКА И АФИРМАЦИЈА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ СПОРТОВИ

**Опис:** Велес е еден од градовите кој сеуште нема вештачка карпа за спортско искачување и покрај тоа што има врвни професионалци од овој спорт. Целта е формирање и поддршка на спортски клуб за искачување на карпи. Покрај тоа активно ќе ги подржуваме и следните активности:

- Маркација на планински патеки околу Велес, формирање на мрежа на планински патеки;
- Маркација на велосипедски патеки, единствена мапа на велосипедски патеки во Велес и околината;
- Изградба на полигон за велосипеди, асфалтен и тампониран.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ПОДДРШКА И АФИРМАЦИЈА НА КОЛЕКТИВНИ И ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ

**Опис:** Велес отсекогаш бил спортски град со титули во многу колективни и индивидуални спортови. Градот постојано давал поддршка на сите спортови. За жал, во изминативе 4 години таа поддршка изостана, голем број на спортски клубови се пред згаснување, врвните спортисти се бројат на рака.

Оваа грешка ќе ја исправиме со континуирана поддршка и следење на сите спортски субјекти во Велес и со согласно нивните достигнувања и потреби ќе им помагаме во рамките на буџетот на Општина Велес.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025 година.

## ПОДРШКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРВЕНСТВА ЗА КАЈАК НА ДИВИ И МИРНИ ВОДИ

**Опис:** Кајакот е еден од најпопуларните спортови во Велес. Езерото „Младост“, како и реката Вардар се идеални места за групни и самостојни кајакарски натпревари. Кајак- спустот по течението на реката Вардар привлекува многу љубители на оваа спортско - рекреативна дисциплина. Езерото „Младост“ е едно од ретките места во државата кое има голем потенцијал за развој на оваа спортска дисциплина. Во Велес традиционално се одржуваат меѓународни првенства во различни дисциплини во кој учество земаат многу кајакари од различни земји. Поддршката на кајакарските клубови во организирање и одржување на првенствата за кајак на диви и мирни води ќе овозможи уште поголем развој на оваа дисциплина како и поголема афирмација на градот.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025 година.

## ПОДДРШКА НА ПЛИВАЧКИ МАРАТОН НА ЕЗЕРО„ МЛАДОСТ“

**Опис:** Велешкиот маратон веќе 7 години наназад зазема значајно место во овој спорт,со учество на голем број на пливачи од нашата земја и од странство.Маратонот е од меѓународен карактер и во овој настан планираме да вложиме финансиски ресурси со цел издигнување на маратонот во највисоки светски пливачки настани.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ПОДДРШКА НА МОТО РЕЛИ ТРКА НА ЕЗЕРО „МЛАДОСТ“

**Опис:** Мотоспортот како индивидуален спорт е во експанзија. Во Велес веќе има искусни и врвни возачи, а меѓу нив се и возачи што учествувале на многу европски и светски мототрки. Мото крос патеката над велешкото езеро „Младост“ е една од најдобрите во земјава и пошироко. Со цел унапредување на истата, ќе бидат предвидени финансиски средства за поддршка на изградбата на придружни елементи што ги бара Светската мото организација и на тој начин на оваа патека ќе може да се организираат трки од балкански и повисок ранг.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2024 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ТЕРЕНОТ ЗА ОДБОЈКА НА ПЕСОК

**Опис:** Во градскиот парк постои локација за терен наменет за одбојка на песок. За жал, како и многу работи во изминатите четири години теренот е целосно заборавен. Со овој проект предлагаме целосно обновување на уништениот терен, доделување на опрема и одржување на теренот.

Општина Велес ќе поддржи и формирање на летна лига на одбојка на песок, турнири во одбојка на песок и разни други манифестации за промоција на спортот во Велес.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2022-2025 година.

## СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Опис:** Во првата година од превземањето на локалната власт предлагаме повторно да се активира општинскиот Совет на млади чија работа во изминатите четири години целосно беше запрена од локалната власт. Ова тело повторно да се врати во функција и да започне со реализација на активности и настани со кои ќе ги вклучи младите повторно со свои идеи и проекти, да ја поттикнат општинската политика да се заинтересира за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат младите во Велес.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

## ОТВОРЕНИ КОНКУРСИ ЗА НАЈДОБРА АМАТЕРСКА ФОТОГРАФИЈА

**Опис:** Преку редовни годишни конкурси за најдобра фотографија Велес ќе поддржи талентирани уметници кои се занимаваат со аматерско фотографирање.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.



# 6. ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

## МОНИТОРИНГ СИСТЕМ ВО ЦЕЛАТА ОПШТИНА

**Опис:** Поставување на камери за видео надзор на влезовите во Велес, на главните крстосници и јавните површини каде има поставено урбана опрема. Вкупен број на локации 25-30.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## МОНИТОРИНГ СИСТЕМ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Опис:** Се предвидува можност за далечинско палење и гаснење на броила за улично осветлување, поставување на аларми за намалена или зголемена потрошувачка по броило, можност за намалување на интензитет за осветлување, заштеда на електрична енергија, можност за пристап од било која локација ( WEB систем)

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ДАНОК НА ИМОТ

**Опис:** Се предвидува комплетен систем за данок на имот, комплетно нова синхронизација со катастар, решавање на проблемите со проценки, решенија, електронски плаќања и комплетна евиденција.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.



# 7. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

**Опис:** Со проект на ЕУ, во два административни региони (Источен и Североисточен регион) се воспоставува интегриран систем за управување со отпадот. Во 2022 година во една општина ќе се гради регионален центар за управување со отпад. Општина Велес иако е во Вардарскиот Плански Регион е дел од овој проект. На веќе постоечката локација во Велес (градската депонија) ќе се гради претоварна станица каде сметот во контејнери ќе се носи во регионалниот центар за управување со отпад.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИ ПАРК

**Опис:** Градскиот парк во Велес претставува централна зелена точка во градот каде што граѓаните можат да се рекреираат, спортуваат и забавуваат. Планираме:

- изградба на летниковци;
- поставување на клупи/одморалишта;
- реконструкција на патеките со цел приспособување за услугите на рекреативците;
- реконструкција на ракометното игралиште;
- скејт парк и полигон за велосипеди;
- изградба на забавно – рекреативен дел за најмладите;
- целосно светлување на градскиот парк.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ПАРК

**Опис:** Младинскиот парк е најпосетувано место од страна на сите генерации. Планираме реконструкција на паркот со замена на дотраената урбаната опрема, хортикултурно уредување и дополнителни забавни содржини за децата.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025.

## ИЗГРАДБА НА ТАРТАН ПАТЕКА ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

**Опис:** Бидејќи во градскиот парк голем дел од велешани се рекреираат, предвидуваме изградба на тартан патека во должина од 600-800 метри. Со ова ќе им овозможиме на сите рекреативци подобри услови за спортување.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025.

## ИЗГРАДБА НА ПАРК/КОМПЛЕКС ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Опис:** Во рамките на градскиот парк ќе се изгради и парк/комплекс за лицата со попреченост со специјални, сертифицирани справи според современи стандарди, содржини и реквизити наменети за лица со попреченост со што ќе се даде можност за рекреација на отворено, социјализација и развој на нивните потенцијали низ игра.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2024.

## ХОРТИКУЛТУРНО И ПЕЈЗАЖНО УРЕДУВАЊЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

**Опис:** Општина Велес има потреба од зголемување на постоечките јавни зелени површини во градот. Подигнување на нови зелени површини на територијата на Општина Велес ќе биде врвен приоритет на идната локална власт. Предвидено е хортикултурно и пејзажно уредување (подготовка на теренот, поставување, вградување на систем за наводнување, садење на расадници), поставување на нова урбана опрема, изградба на пешачки патеки, паркинг простор, како и задолжително уредување на детски катчиња и осветлување на истите.

Проектот е планиран да трае континуирано 4 години, секоја година да бидат опфатени минимум 2 до 3 комплекс згради, со цел во период од мандатот да бидат опфатени сите комплекс згради:

- комплекс „УЗУС“;
- комплекс „Сив Дом“;
- комплекс „Убавиците“;
- комплекс „Панко Брашнаров“;
- комплекс „Васил Главинов“;
- комплекс „Вила Зора“

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2022 година.

## ВЕЛОСИПЕДСКИ И ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ ДО ВРШНИК И СВ ИЛИЈА

**Опис:** Потребата од велосипедски и пешачки патеки надвор од градско подрачје е повеќе од потребна. Граѓаните на Велес сакаат по своето работно време да се рекреираат, да пешачат или со велосипед да дојдат до одредена дестинација. Двете велосипедски патеки кои ќе ги понудиме на граѓаните на Велес ќе бидат одлични дестинации, а дополнително ќе ги промовираме во потенцијални излетнички места. Велосипедските и пешачките патеки Тунел-Вршник и Велес - рид Св.Илија, ќе бидат изработени по најсовремени светски стандарди и ќе може да ги употребуваат сите рекреативци - велосипедисти и планинари без оглед на својата физичка подготвеност.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ПОЛИГОН ЗА ВЕЛОСИПЕДИ ВО ВЕЛЕС (PUMPTRACK)

**Опис:** Полигон за велосипеди или PumpTrack е нов израз на велосипедската култура во светот. Полигонот преставува затворена кружна патека со заоблени контури, која може да ја користат сите генерации љубители на овој спорт. Иновативниот начин на движење со велосипедот (со поместување на телото) со соодветна рамнотежа и координација на движењата му овозможува на велосипедистот одлична забава и добар тренинг. Покрај тоа овој полигон е атрактивен во светот поради тоа што е потполно безбеден. Полигонот може да го употребуваат и лицата со поп-

реченост. Овој светски тренд во областа на инфраструктурата за велосипеди може да се користи за многу намени, но крајната цел е на жителите на Велес да им понудиме современи трендови во областа на велосипедизмот и да ги поттикнеме на активен спортски живот.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ОБНОВА НА МААЛСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО ВЕЛЕС

**Опис:** Маалските игралишта во Велес отсекогаш имале свое посебно обележје. Во нив растеле генерации велешани кои сега се влијателни и препознатливи професионалци во своите области. Со овој проект предвидуваме уредување на кошаркарското игралиште кај споменикот Панко Брашнаров (Кулите), и кошаркарското игралиште во Урбана заедница „Алексо Демниевски",Камено Брдо-кај базенот. Со оглед на тоа дека овие објекти собираат голем број граѓани од различна возраст, потребно е нов асфалт, нова мрежа, обновување на осветлувањето со нови рефлектори, цртање на теренот, клупи и корпи за отпадоци околу игралиштето.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.



# 8. КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

## КАТНА ГАРАЖА КАЈ АВТОБУСКА СТАНИЦА

**Опис:** Локацијата на оваа катна гаража е во непосредна близина на автобуската станица. Влезот и излезот на катната гаража е на улицата „Петре Прличко“. Целта на оваа катна гаража е да се обезбеди потребниот број на паркинг места и да се реши проблемот со непрописното паркирање во овој дел од градот. Последниот кат од катната гаража, со челична конструкција ќе се поврзе со мостот Гемиџии со што ќе се олесни комуникацијата на пристап на граѓаните со централното градско подрачје.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025.

## ДОИЗГРАДБА НА ГРАДСКИ ПАЗАР ВО ВЕЛЕС

**Опис:** На нашите сограѓани им даваме ветување дека проектот за изградба на затворен градски пазар силно ќе го поддржиме, нема да ја попречуваме изградбата и општинските капацитети ќе бидат вложени во насока на завршување на овој проект со што велешани ќе добијат нов затворен градски пазар.

Ќе формираме проектен тим, тим од стручни лица на чело со тим лидер и заедно со проектантот, ревидентот на проектот, фирмите изведувачи и надзорот на објектот ќе го изградиме затворениот градски пазар.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2022 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДИТЕ НА СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ

**Опис:** Со проектот се предвидува да бидат опфатени зградите од централното градско подрачје каде што фреквенцијата на луѓе и движење е голема, а зградите се руинирани и запуштени. Општина Велес ќе постигне две главни цели: поголема безбедност за граѓаните со отстранување на опасноста од евентуална повреда од откинати делови на руинирани фасади, како и подо-

брување на естетиката на зградите. Проектот ќе се имплементира во наредните 4 години и ќе бидат опфатени околу 20 згради. Во консултација со нашите сограѓани и нивно одобрување, уште првата година ќе се подготви соодветна техничка документација и ќе се отпочне реконструкцијата на минимум 5 згради во централното градско подрачје, а потоа ќе се премине и кон втора фаза со опфат на зградите кои не се во центарот на градот.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ПРОМЕНА НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ВЕЛЕС СО СОВРЕМЕНА ЛЕД ТЕХНОЛОГИЈА

**Опис:**Јавното улично осветлување е еден од јавните сервиси кои можат поефикасно да се управуваат со користење на технологијата. Во последните години технологијата за улично осветлување претрпе огромни промени, а најновите технолошки достигнувања во ЛЕД технологијата нудат големи заштеди со релативно прифатливи периоди на поврат на инвестицијата. Систем за далечинска контрола, мониторинг и регулација на улично осветлување е една од мерките за намалување на потрошувачката на електрична енергија и зголемување на квалитетот на осветлувањето и неговото одржување.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021 – 2022.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛБА РЕЧАНИ

**Опис:** Со оглед на тоа дека веќе има изготвени проекти од страна на општината и истите треба само да се реализираат, се обврзуваме веднаш со превземањето на локалната власт за комплетна реконструкција на водоводната мрежа во овој дел на градот.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021 – 2025.

## ИЗВЕДБА НА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ ВО НАСЕЛБА ОТОВИЦА

**Опис:** Дополнување на веќе постоечките линии во населеното место Отовица. Со оглед на тоа што водоводната и канализациската

мрежа во селото се целосни, потребно е воспоставување на дополнителни краци за приклучување на главната мрежа.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021 – 2025.

## ИЗГРАДБА НА ОСНОВНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НАСЕЛБА ТРПЕЗИЦА

**Опис:** Се обврзуваме дека во првите 3 месеци од мандатот водоснабдителниот систем кој веќе е изграден ќе го ставиме во функција. Согласно буџетот на општина Велес, ветуваме дека ќе пристапиме кон пробивање на улиците и изградба на фекална и атмосферска канализација.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** 2021 – 2025.



# 9. КУЛТУРА

## НОВ КОНЦЕПТ ЗА КУЛТУРАТА ВО ВЕЛЕС – „КУЛТУРА НИЗ СИТЕ ГОДИШНИ ВРЕМИЊА“

Новиот концепт „Култура низ сите годишни времиња“ предвидува сосема нов пристап кон културата и уметноста преку целата година во Велес, со што градот ќе добие изобилство од културни настани и културни случувања, фестивали, работилници, концерти, изложби, возобновување на традициите и вредностите кои Велес ги имал низ времето, поттикнување на младите за активно учество во креирањето на новите културни вредности, негување на трајните вредности кои уметниците од нашиот град ги создавале, креирање на нови настани кои ќе го збогатат културниот и забавниот живот во градот,

## АРТ РЕЗИДЕНЦИЈА

**Опис:** Општината ќе покани светски уметници од различни уметности, (музичар / композитор, писател, фотограф, режисер, ликовен уметник, кореограф) кој би живееле и би создавале уметничка вредност во Велес во куќи на уметноста и споменици на културата на град Велес. Со ова ќе извршиме светска стимулација на културата и ќе го афирмирале македонското културно наследство со создавање на дела кои што ќе бидат презентирани пред јавноста. Презентациите на овие завршни дела можат да се изведат на алтернативни начини, со што би влегле во светската мапа на „Art in residence“ и би биле најадекватен начин на промовирање на градот и директно стимулирање на културата.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2024.

## ТЕАТАР И ИЗВЕДУВАЧКИ УМЕТНОСТИ

**Опис:** Покрај зголемената поддршка за Фестивалот на античка драма „Стоби“, Општина Велес ќе ја збогати театарската понуда со повеќе театарски настани како што се ревија на детски театарски претстави, „Насмеј се!“ – театарски маратон на театарски комедии, - sidewalk teather festival - претстави и перформанси кои што не се обврзани за театарски простори и техника, претставите би се одвивале во јавни простори и неконвенционални места.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ПОДДРШКА И АФИРМАЦИЈА НА МУЗИЧКИТЕ ФЕСТИВАЛИ

**Опис:** Новиот концепт предвидува спој на веќе постоечките музички фестивали со нови кои значајно ќе ја збогатат музичката понуда во нашиот град и ќе понудат квалитет кој ќе привлече посетители од цела Македонија и регионот. Ќе ги поддржиме сите форми на музички фестивали кои имаат значајни позитивни влијанија врз културата како начин на изразување кај велешани. На Велес му е потребен современ Џез фестивал, рок фестивал Велес ФЕСТ, меѓународниот фестивал за народна музика – ИФФ, а ќе се заложиме за отварање на Фестивал на чалгии, посветен на Најстарата чалгија во Македонија – Велешката чалгија

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## VELES MURAL FEST

**Опис:** Идејата на фестивалот е разубавување на стари и запуштени фасади низ градот со цел да се одржува на подолг период, со што граѓаните ќе имаат можност да го гледаат процесот на работа на уметниците, а и самиот град ќе биде во тек со големите градови кои што имаат вакви настани. Проектот е одржлив низ повеќе години.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ЦЕНТАР ЗА МЛАДИ КРЕАТИВЦИ

**Опис:** Центар како платформа за отворање на креативни идеи за млади уметници. Работилница за филмска музика, работилница за скулптура од рециклирани материјали, работилница за видео мапинг и други теми на кои младите креативци ќе имаат можност за изразување на совите визии.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## OPEN SET FESTIVAL

**Опис:** Сет на фестивали од разни музички жанрови (рок, техно, џез или др.) изведувана на отворен простор и неконвенционални места за музички настани.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК

**Опис:** Проект за афирмација на македонскиот јазик со кој ќе се стимулираат младите дизајнери уметници и креативци да создадат дизајни за предмети и облека, со македонски јазик кој ќе биде основа за применета уметност. Со тоа ќе се стимулира и субкултурата кај младите и ќе се подобри свеста за македонската култура и јазик. Проектот ќе биде изведен на принцип на конкурс со повеќе ставки, како што се дизајн на постер, дизајн на маичка, дизајн на рекламен материјал, индустриски дизајн и дизајн на аксесоари. Со конкурсот спроведен за овој проект би се доделувале награди со цел да се стимулира учеството на младите.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ВРАЌАЊЕ НА МОШТИТЕ НА ПАНКО БРАШНАРОВ ВО ВЕЛЕС

**Опис:** Цели 11 години (по пронаоѓањето на неговиот гроб на Мирогој во Загреб) велешани веруваа дека последната фаза од враќањето на неговите мошти во неговиот роден Велес е готова,но за жал тоа сеуште не е реализирано. Направен е обид за пренос на неговите мошти во Велес кои по неколкумесечното



преговарање со менаџментот на Мирогој не вродија со плод. Со превземањето на локалната власт силно ќе се заложиме и веруваме дека многу брзо Панко Брашнар постхумно ќе биде погребан во Велес.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** 2021-2023 година.

# 10. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## ЕВРОПА ЗА ГРАЃАНИТЕ

**Опис:** Општина Велес ќе направи поврзување со европски градови во чии земји/општини има средства за меѓународна соработка. Размената на искуства во делот на подготовка и аплицирање на проекти ќе биде приоритет на општинската администрација.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

# 11. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

## РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА КРИЗНИТЕ ШТАБОВИ И ПОДДРШКА НА ДОБРОВОЛНИТЕ ДРУШТВА

**Опис:** Со промена на управувањето на Општина Велес, ќе се формира ново тело за заштита и спасување кое ќе има функционално и практично дејствување во услови на елементарни непогоди и разни други кризни моменти.

Ќе ги поддржиме сите противпожарни доброволни друштва, кои



ќе функцинираат во координација со ТППЕ Велес. Друштвата ќе помагаат и во кризните моменти за заштита и спасување, како и и практично дејствување во услови на елементарни непогоди.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025 година.

# 12. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

## НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА - НОВА ДЕТСКА РАДОСТ

**Опис:** Згрижување на деца од предучилишна возраст и нивното воспитување е облик на заштита на деца во која спаѓаат: престој, нега, воспитно-образовни, спортски, културно-забавни активности, активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето.

Се обврзуваме да отвориме нова градинка која ќе биде сместена на првиот кат во просториите на поранешното општинско училиште „Јордан Хаџи Константинов – Џинот". Со реализација на овој проект ќе се зголеми капацитетот на градинката „Димче Мирчев" за 100 дечиња, со што позитивно ќе одговориме на сè поголемата побарувачка за сместување на деца во предшколска возраст.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ЦЕНТАР ЗА КРЕИРАЊЕ, АНИМАЦИЈА И РЕКРЕАЦИЈА ЗА ЛИЦА ОД РАНЛИВА КАТЕГОРИЈА

**Опис:** Целта на проектот е да се отвори центар во кој лицата од ранлива категорија ќе можат да генерираат креативни идеи и потоа да ги конвертираат во корисни креации, слободно да се изразуваат во пишувањето, уметноста, дизајнот, занаетите и др. со што би добиле повеќе слобода за изразување на нешто ново и различно и притоа би им се подобрил социјалниот живот преку разни анимации и рекреации.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## СОЦИЈАЛНО И ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА ПРЕКУ ПРОМОВИРАЊЕ НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

**Опис:** Целта на проектот е да се обезбедат сите неопходни и потребни стручни знаења, обуки и практики за јакнење на вештините и капацитетите кои ќе придонесат лицата со попреченост и нивните семејства да имаат интегриран пристап до пазарот на трудот.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СЕМЕЈНА ПОДДРШКА – СООДВЕТНА СЕРВИСНА СЛУЖБА, СОВЕТУВАЊЕ И ПОДДРШКА ЗА СЕМЕЈСТВАТА СО ЧЛЕН СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Опис:** Со проектот се предвидува да се опфатат сите семејства кои имаат член со попреченост. Целта на проектот е да им се понуди советување на семејствата со член со попреченост за полесно справување и олеснување на секојдневниот живот, психолошка поддршка и помош, запознавање со законската регулатива, запознавање со можностите кои им ги нуди државата, снабдување со асистивна технологија.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ЛЕТЕН И ЗИМСКИ КАМП ЗА ДЕЦА ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ СЕМЕЈСТВА И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Опис:** Целта на проектот е да им се овозможи бесплатно летно и зимско кампување на деца од социјаза сите деца на кои овие кампови им се достапни. Со посебно изготвени програми на активности (спортски, едукативни, забавни) учесниците во камповите ќе имаат можност за дружење, натпреварување, јакнење на самодовербата и одговорноста кон секојдневните активности и доверените задачи, тимска работа и развивање на чувството за соживот во заедницата.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.



# 13. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

## ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЗАПАДНА ОБИКОЛНИЦА ЗА ВЕЛЕС

**Опис:** Еден од најголемите предизвици за Општина Велес е проширување на патната мрежа и регулирањето на густиот товарен сообраќај, што доведува до намалување на безбедноста на патиштата и квалитетот на живот поради бучава, вибрации и емисија на штетни гасови и честички. Изградба на нови патни површини кои ќе го заобиколат градското јадро и ќе го намалат обемот на сообраќај на улиците во градот. Предвидено е проектирање на обиколница, која ќе ги поврзе улица Вардарска со регионалниот пат Р1312 [Р1312 врска со А3 (Каратманово) – Велес – Извор – Прилеп], со оформување на попатни соодветни сообраќајни приклучоци.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, меѓународни и ЕУ Фондови;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ ВО НАСЕЛБА РЕЧАНИ СО ИЗГРАДБА НА ТРОТОАР И УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Опис:** Со ова се предвидува целосна реконструкција на постоечката улица „Академик Пенчо Давчев“ во населба Речани. Реконструкцијата предвидува проширување на постојната улица долж нејзиниот профил, со изградба на пешачка патека и осветлување.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, државни институции;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТ КОН ЕЗЕРО „МЛАДОСТ“

**Опис:** Проширување на дел од патот во должина од 2,3 км кој го поврзува Велес со туристичкиот центар езеро „Младост“. Потребата за уредување на овој пат, негово проширување е од витално значење за граѓаните на Велес.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, државни институции;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## КРУЖНА КРСТОСНИЦА КАЈ С. БАШИНО СЕЛО

**Опис:** Оваа крстосница претставува една од црните точки, максимално непрегледна и небезбедна. Поаѓајќи од фактот дека еден од најголемите предизвици за Општина Велес треба да биде унапредување на нивото на сообраќајната услуга, се предвидува целосна реконстукција на крстосницата кај с. Башино. Со реализација на овој кружен тек ќе ја решиме комплексноста на вкрстувањата на сите овие приоди и ќе го намалиме бројот на конфликтни точки. **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, државни институции;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ОПТИМИЗАЦИЈА НА ЈАВНИОТ ГРАДСКИ ПАТНИЧКИ ПРЕВОЗ

**Опис:**Наша обврска е да реализираме повисоко ниво на квалитет на транспортната услуга со прифатливи цени, како и обврските за обезбедување на квалитетна мобилност на жителите. Целосно ќе ја поддржиме студијата која ќе обезбеди оптимален модел на мрежата на линии на системот на јавен градски превоз на патници во Општина Велес.

Во периодот кој следи, сакаме да ја унапредиме постојната транспортна мрежа на линии, да ја реконструираме и репроектираме во согласност со современите трендови и потреби на граѓаните.

Со оваа студија Општина Велес ќе добие

- Покриеност на градското порачје;
- Автобуски стојалишта (анализа на поставеноста на постојните);
- Воведување на нови линии (секаде каде што постои можност за тоа, како и кон високите зони во градот);
- Оптимизирање на возните редови, како и можност за воведување на по чести опслужувања на линиите;
- Утврдување на локации на нови автобуски стојалишта, како и современи решенија за изгледот на автобуските стојалишта со потребната опрема;
- Утврдување на најоптимален тарифен систем, доделување на линии на приватни превозници со субвенционирање и сл.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес, државни институции;

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

# 14. РОДОВА ЕДНАКВОСТ

## КАМПАЊА - ЖЕНИТЕ ИМААТ ПРАВА

**Опис:** Поттикнување на кампањи за активизам против насилството врз жените проследена со активности на локално ниво. Жените треба да се креатори на свеста и да дејствуваат во насока на создавање промени во општеството.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ПОГОЛЕМО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ

**Опис:** Ќе се залагаме за заштита на родовите права, рамноправност и еднаквост, поголемо учество на жените во креирањето и донесувањето на одлуките на локално ниво преку сет мерки:

- Едукативната и професионалната мобилност на жените;
- Негување на образовната и професионалната мобилност на жените и промовирање на учењето на странски јазици, кои можат да придонесат за зголемување на стапката на вработеност кај жените;
- Искористување на европските структурни фондови за да се стави фокус на дополнителна поддршка во областите на женското претприемништво и искористување на европските социјални фондови, како алатка за зајакнување на женскиот бизнис;
- Обезбедување дополнителни ресурси, за да се овозможи организациите на граѓанското општество, особено на женските бизнис-партнери и чадор организации на мали и средни претпријатија, да ги идентификуваат начините за раст и развој.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

# 15. ТРАНСПАРЕНТНА ОПШТИНА

## ТРАНСПАРЕНТЕН СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Опис:** Советот на Општина Велес е највисокото претставничко тело на граѓаните на Велес и истото мора да биде достапно, со цел граѓаните да имаат увид во тоа какви одлуки носат избраните советници во нивно име. Со доаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ на власт, седниците на Советот на Општина Велес ќе бидат прикажувани во живо, а граѓаните за дневниот ред ќе бидат информирани најмалку 7 дена пред почетокот на седницата, каде покрај дневниот ред ќе биде објавен и описот за точките кои се наоѓаат на него. Согласно статутот на Општина Велес, покрај советниците со право на збор ќе можат да се пријават и граѓаните преку веб страницата и да го најават нивното учество, со цел и нивниот глас да биде слушнат согласно Статутот на Општина Велес, кој овозможува присуство на граѓаните на седниците на Советот на Општина Велес.

Советниците без разлика на нивната политичка припадност ќе добијат можност да ги примат граѓаните во просториите на општинската администрација и да го слушнат гласот на граѓаните.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

## ТРАНСПАРЕНТЕН ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Опис:**Воведуваме „Отворен ден на Општина Велес“ во кој граѓаните ќе имаат право слободно да дојдат и да разговараат со градоначалникот за проблемите со кои се соочуваат, да предложат идеи и проекти за реализација, но и да разговараат со општинската администрација. За добиените информации општинската администрација ќе биде задолжена по писмен пат во рок од 3 дена да ги извести граѓаните за статусот на нивното барање, а бројот на решени предмети ќе биде јавно објавуван на веб страницата.

Покрај тоа што ќе постои отворен ден, граѓаните со најава преку веб страницата/телефон или директно во општината ќе можат да закажат средба со градоначалникот.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Велес;

**Рок на реализација:** континуирано 2021-2025.

# 16. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВЕЕЊЕ ЗА СИТЕ ВЕЛЕШАНИ

Програмата која ВМРО ДПМНЕ ја нуди за следниве четири години се базира на податоците од граѓаните, од нивните проблеми и нивните предлози. Само со заедничка континуирана комуникација ќе успееме да создадеме нормални услови за сите. Во Програмата ќе понудиме решени за 100 проблеми, а тековно во мандатот во период од 4 години ќе ги решаваме сите останати проблеми за доброто на граѓаните на Велес.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „ВАСА КОШУЛЧЕВА“

- Реконструкција на ул.„Васа Кошулчева“;
- Реконструкција на водоводна мрежа на Ул. „Борис Трајковски“ и Методија Андонов Ченто“.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „РОДНА ИВЕВА“ - РЕЧАНИ

- Реконструкција/Асфалтирање на улици од патот во населено место Речани;
- Бетонирање/Асфалтирање на неколку кракови од улица „Васил Иљоски“, во должина од 250м прв крак, 400м втор крак и трет крак - 300м
- Комплетна реконструкција и асфалтирање/бетонирање на ул.„Стефан Гајдов“ (населба Весела Долина), во должина од 400м ;
- Бетонирање на ул.„Хаџи Косте“, во должина од 400м .

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „ДИМЧЕ МИРЧЕВ“

- Реконструкција на ул „Димче Мирчев“ од ликовниот салон до рампата;
- Реконструкција на ул „Кукушка“ и спојување со ул. „Благој Нечев“;
- Реконструкција на ул „Ѓоре Органџиев“;
- Реконструкција и санирање на дел од ул.„Благој Нечев“
- Бетонирање на краци од ул.„Благој Нечев“ (дел до ХИВ зградата);
- -Поставување на решетки и покривање на посточеки канал на ул.„Благој Нечев“ (музичко училиште)
- Санирање на дива депонија на ул.„Благој Нечев“ од бр 22 до крајот на улицата.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „БОГДАН КАРАКОСТЕВ“

- Реконструкција на ул „Родна Ивева“;
- Реконструкција на ул „Андон Ќосето“;
- Реконструкција на ул „Мечкин Камен“;
- Асфалтирање/Бетонирање на ул „Ганчо Хаџи Панзов“;
- Асфалтирање/Бетонирање на ул „ Ѓорѓи Димитров “ од број 23 до 138 (до спојот на ул.Славјанска)
- Бетонирање на два крака на ул „Андон Ќосето“;
- Бетонирање на ул „ Јовче Ќучук “ од број 11 до број 42
- Бетонирање на цела улица „Петре Михов“
- Собирање на канализациска вода на спојот на улиците на ул„Богдан Каракостев “ со Јовче Ќуќук број 50
- Сообраќајно решение на ул „Димитар Влахов“ (органичување на брзина на возење на автомобили);
- Обновување на фекална канализација на ул „Мечкин Камен “;
- Водоводен зафат на ул „Јовче Ќучук “ од број 11 до ул „Јовче Ќучук“ број 42
- Санација на канализацискиот систем на ул.„Ѓорѓи Димитров“
- Санација на спојот помеѓу „Ѓорѓи Димитров “ и „Петре Михов“ за собирање на атмосферската вода
- Санација на фекална канализација на ул. „Ѓорче Петров“.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „ТРАЈКО ПАНОВ“

- Реконструкција на фекалната канализација на ул „Орце Мартинов“;
- Реконструкција на ул„ Рилски Конгрес“– (Игманска);
- Реконструкција и санација на дел од ул „Ризо Ризов“;
- Асфалтирање на ул. Орце Мартинов “;
- Бетонирање на дел на ул„Милан Страчковски“;
- Бетонирање на дел на ул.„Даре Џамбаз“;
- Поставување на улично осветлување на ул.„Милан Страчковски“;
- Воведување на водоводна мрежа на високите делови на градот на ул.„ Даре Џамбаз“;
- Поставување на урбана опрема за жителите на ул.„Рилски Конгрес“ (Игманска) (во близина на манастирчето);
- Изградба на потпорен зид на ул.„Орце Мартинов“ и ул.„Рилски Конгрес“– (Игманска).

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „9-ТИ НОЕМВРИ“

- Реконструкција на дел од ул.„Тодор Јанев“ од број 107 до крај на улицата; (100м),одржување на редовна улична хигиена (подигање на сметот)
- Бетонирање на дел од ул.„Тодор Јанев“ до крај на улицата;
- Бетонирање на дел од ул.„Тодор Јанев“ број 55;
- Доизградба на потпорен зид на ул.„Рилски Конгрес“ на спој со ул.„Тодор Јанев“;
- Поврзување на ул.„Стефан Бобев со ул.„Киро Ќучук“.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „АЛЕКСО ДЕМНИЕВСКИ“

- Реконструкција и асфалтирање на ул.„Белградска“ (од спојот со ул.„Киро Ќучук“ до гаражите на ЈКП Дервен);
- Асфалтирање на улиците ул„Осми Март“, ул.„Петар Поп Арсов“;
- Асфалтирање и осветлување на улиците во индустриска зона „УЗУС“- ул.„Филип Втори“ и ул. „Ѓошо Органџиев “;
- Бетонирање на ул. „Киро Ќучук“;
- Поплочување и бетонирање на ул.„Петре Милевски“;
- Прифаќање на атмосфеските води на улиците ул.„11-ти октомври“, ул.„Никола Карев“, ул.„Христо Татарчев“(Марксова);
- Уредување на ул.„Андон Шурков“ (комплекс УЗУС) до влезовите на зградите“;
- Санација на дел од ул.„Славе Ефтовски“ од крајот на улицата до ул„Александар Несторов“;
- Уредување на паркинг простор на ул.„Благој Ѓорев“ и ул.„Васил Главинов“.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „СЛАВЕ ПЕТКОВ“

- Реконструкција и санација ул. „Љубен Весов“;
- Реконструкција на ул.„Мирче Ацев“ со спој на ул.„Љубен Весов“;
- Реконструкција на дел на ул. „Кочо Рацин“, спој со „Љубен Весов“ и „Архиепископ Михаил“;
- Реконструкција и санација на дел од ул. „Ризо Ризов“;
- Асфалтирање на дел од ул. „Архиепископ Михаил“;
- Бетонирање на дел од ул. „Браќа Поп Јордanови“;
- Бетонирање на дел од ул. „Максим Горки“ (од број 152 до број 212);

- Санација на шахти за прибирање на атмосферски води на ул. „Димко Најдов“;
- Санација на канализација на ул.„Димко Најдов“;
- Санација на дел од ул.„Климент Охридски“;
- Поставување на ракохфати на ул.„Димко Најдов“.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „ТРАЈКО КАПЧЕВ“

- Реконструкција на ул.„Ѓорче Петров“;
- Реконструкција на коритото на потокот на ул.„Вера Циривири“;
- Реконструкција на ул „Вера Циривири“ (посебно од бр.44 до бр.210);
- Бетонирање на дел од ул „Благој Кирков“;
- Бетонирање на дел од ул.„Браќа Капчеви“;
- Санација на Фекална канализација на ул.„Вера Циривири“;
- Обновување на канализациска и водоводна мрежа на ул.„Вера Циривири“ од бр.44 до бр.65;
- Комплетна промена на водоводна мрежа (замена на старите железни цевки со нови пластични цевки на ул.„Коле Цветков“;
- Санација на шахта на раскрсница на ул.„Загребска“ со ул.„Благој Ќирков“;
- Редовно периоднично чистење на каналот на потокот;
- Рушење на стара руинирана барака на ул,„Вера Циривири“ и изградба на летниковец и фонтана за вода;
- Поставување на урбана опрема-летниковец на ул. „Браќа Капчеви“;
- Поставување на урбана опрема-летниковец на ул. „Коле Цветков“.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „ШОРКА“

- Реконструкција на атмосферската канализација и асфалтирање на дел од ул.„Васа Кошулчева“;
- Осветлување на дел од ул. „Вардарска“ и ул.„Вељко Влаховиќ“;
- Комунално уредување на сокачето од бензиска пумпа Црна Река до Железничка станица.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „ЌЕРАМИДНА“

- Комплетна реконструкција на улиците ул.„Камка Тоцинова“,ул. „Луј Пастер“ и дел од ул.„Стефан Димитров“;
- Реконструкција на дел од ул.„Луј Пастер“ до ул.„Камка Тоцинова“;
- Реконструкција на дел од улицата ул.„Андреја Димков“;

- Реконструкција на крак од ул.„Наце Димов“;
- Асфалтирање и реконструкција на ул.„Павел Шатев“ и спојување со ул.„Наце Димов“;
- Поставување на ракохфат на ул.„Стефан Димитров“;
- Пробивање на нова траса на улица од бензиска пумпа до градежна депонија;
- Собирање на атмосферски води од ул.„Луј Пастер“ до касарната;
- Санација на дупки на улица Наце Димов од број 1 до број 90;
- Решавање на проблемот со дивата депонија на ул.„Павел Шатев“;
- Бетонирање на краци од ул.„Павел Шатев“;
- Изградба на потпорен ѕид и бетонирање на крак од ул.„Наце Димов“.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „ТУНЕЛ“

- Реконструкција на ул.„Киро Пракицов“;
- Уредување на тротоар на дел од ул.„Благој Ѓорев“ (од десната страна);
- Поврзување на делови на ул.„Живко Фирфов“ со скали;
- Партерно уредување на дел од ул.„Благој Ѓорев 122“;
- Хортикултурно и пејзажно уредување на ул „Невена Георгиева Дуњa“.

## УРБАНА ЗАЕДНИЦА „МИРКА ГИНЕВА“-ПРЕВАЛЕЦ

- Комплетна реконструкција бетонирање/асфалтирање на ул.„Јован Басаров“, во должина од 800 м ;
- Бетонирање на крак од ул.„Трајче Петкановски“.

## МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

- Реконструкција на делови од патот во населено место Дорутовец;
- Реконструкција/бетонирање на три улици во населено место Иванковци;
- Уредување на центарот во населено место Иванковци;
- Ставање во употреба на канализациска мрежа во населено место Иванковци;
- Бетонирање на улиците во населено место Башино село;
- Уредување на центарот во населено место Башино село;
- Бетонирање на дел од улиците во населено место Раштани;

- Изведба на водоводна цевка и решавање на проблемот со водата за пиење во населено место Рудник;
- Ставање во употреба на канализациона мрежа во населено место Мамутчево;
- Поврзување на водоводната мрежа во населено место Мамутчево со новиот резервоар за вода;
- Поставување на урбана опрема во населено место Мамутчево;
- Ставање во употреба на канализациона мрежа во населено место Кумарино;
- Ставање во употреба на канализациона мрежа во населено место Сујаклари;
- Бетонирање на дел од улиците во населено место Сујаклари;
- Решавање на проблемот со водоводна линија во населено место Караслари;
- Бетонирање на дел од улиците во населено место Караслари;
- Осветлување и поставување на приклучок на струја во близина на селски гробишта во населено место Караслари;
- Асфалтирање на главна улица во населено место Отовица;
- Уредување на центарот во населено место Отовица;
- Тампонирање на пат до населено место Белештевица;
- Тампонирање на пат до населено место Слп;
- Тампонирање на пат до населено место Карабуниште;
- Тампонирање на пат до населено место Рудник;
- Уредување на училиштен двор во населено место Бузалково;
- Изградба на каналници на локалниот пат Сливник-Бузалково;
- Решавање на проблемот со водоводна линија во населено место горно Оризари.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*